Рада Исовска-Маневска е дипломиран новинар. Работеше како новинар и уредник во Радио Тетово и во весникот „Полог“, потоа како дописник на весниците „Нова Македонија“, „Македонија Денес“ и неделникот „Фокус“. Во еден период работеше и во телевизиите „Макспот“ и „Скајнет“ во внатрешно-политичката редакција и како новинар во економска редакција на весниците „Македонија Денес“ и неделникот „Денес“, а потоа и во весниците „Шпиц“ и „Време“. Во моментов работи како економски новинар на порталот Плсуинфо и соработува со „Вистиномер“ од 2016 година.